Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
ОКСЗД
Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-140/6
08.04.2024 година

Постапувајќи по претставката бр. 08-140/1 од 30.1.2024 година, поднесена од адвокатско друштво [redacted] со седиште на [redacted], Скопје, во име на [redacted] од Скопје, против Лекарска комора на Република Северна Македонија, со адреса на бул. Партизански одреди бр. 3, Скопје, за сторена дискриминација врз основа на етничка припадност и припадност на маргинализирана група во областа на работата и работните односи, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 21 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) на 22.3.2024 година, го донесе следното

**МИСЛЕЊЕ**

**СЕ УТВРДУВА ДИРЕКТНА ДИСКРИМИНАЦИЈА** врз основа на род во областа на правосудство и управа сторена од страна на Лекарска комора на Република Северна Македонија кон [redacted]

**Образложение**

На 30.1.2024 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка од страна на адвокатско друштво [redacted] во име на [redacted], против Лекарска комора на Република Северна Македонија („**Лекарска комора**" или „**Комората**"), за сторена дискриминација врз основа на род во областа на правосудство и управа.

Во претставката се наведува дека [redacted] е доктор по општа медицина со положен стручен испит. Во месец декември 2023 година поднела барање до Лекарска комора за издавање лиценца за работа. Во прилог на барањето меѓу другото доставила и нотарски заверена изјава со која бара во лиценцата за работа на местото „родител" да стои името на нејзината мајка, [redacted] Кон крајот на декември нејзината лиценца била изготвена, но со името на нејзиниот татко. Притоа, од страна на вработена во Комората ѝ било дадено образложение дека во образецот во поле „родител" стои татково име. [redacted] објаснила дека нејзините родители се долг период разведени и дека таа е со судска одлука дадена на чување и воспитување кај нејзината мајка, која цело време се грижела за нејзе. Истакнува дека сите документи, па дури и уверението за положен стручен испит издадено од Лекарската комора, се со името на нејзината мајка.
Врз основа на ова, смета дека се врши дискриминација врз основа на род од страна на Лекарската комора, која одбива да го стави името на нејзината мајка на лиценцата, инсистирајќи дека мора да стои името на таткото.

Во прилог на претставката беа доставени следните докази:
- Полномошно од [redacted] дадено на адвокатско друштво [redacted] од 24.1.2024 година;
- Изјава од 30.11.2023 година заверена под УЗП 5379/23 кај нотар [redacted]
- Уверение од Лекарска комора бр. 2001-409/3 од 19.12.2023 година;
- Уверение од Универзитет „Св. Кирил и Методиј", заверено под УЗП бр. 5381/23 од 30.11.2023 година кај нотар [redacted]

Согласно член 24 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, претставката треба да ги содржи следните елементи: податоци за подносителот, податоци за лицето против кого се поднесува претставката, околностите и фактите врз кои се темели претставката, податоци за правните дејства што претходно ги вложил подносителот, доколку ги има и потпис на подносителот.

Бидејќи во конкретниот случај наведен во претставката како оштетена се јавува мајката на подносителката, [redacted] а не самата подносителка, [redacted], во чие име беше поднесена претставката, Комисијата на ден 12.2.2024 година испрати Барање за доуредување на претставката бр. 08-140/2 со кое го задолжи адвокатското друштво [redacted] како ополномоштени адвокати во случајот, да ја доуредат претставката во насока што ќе допрецизираат дали претставката се поднесува во име на мајката како оштетено лице. Дополнително беше побарана и нејзина писмена согласност за поднесување на претставка за заштита од дискриминација до Комисијата.

На ден 21.2.2024 година до Комисијата пристигна доуредување на претставката од страна на адвокатското друштво [redacted] Во доуредувањето информираат дека [redacted], како мајка на подносителката и како оштетено лице, е целосно согласна претставката за заштита од дискриминација да биде поднесена во нејзино име. Како доказ беше доставена писмена согласност- полномошно од [redacted] од 15.2.2024 година.

Истовремено со доуредувањето го допрецизираат и начинот на кој се одвивал конкретниот настан. Имено, наведуваат дека [redacted] при поднесување на документите за издавање лиценца за работа во прилог доставила изјава заверена на нотар дека сака во нејзината лиценца за работа, како и во останатите нејзини документи поврзани со Лекарската комора, на местото родител да стои името на нејзината мајка, [redacted]. Истовремено таа лично во електронскиот регистар на доктори на местото родител го впишала името на нејзината мајка. Притоа, без нејзина согласност и без да биде известена од страна на Лекарската комора, во електронскиот регистар било променето името, па наместо името на нејзината мајка, некој го впишал името на нејзиниот татко, [redacted]

Во моментот на подигање на лиценцата од страна на [redacted], која рекла дека за нејзе е неприфатливо да стои името на таткото, ѝ било кажано дека во образецот на Комората стои татково име, а доколку сака да стои името на мајката, тогаш треба да донесе ново Уверение за државјанство, во кое на местото татко ќе стои „XXXXX". Исто така ѝ било кажано дека правната служба на Лекарската комора докторите кои имаат исто име и презиме ги разликува по името на таткото.

Следствено на ова, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 24 став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на ден 23.2.2024 година испрати Известување бр. 08-140/4 за произнесување по наводите од претставката до Лекарската комора.

На ден 11.3.2024 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација пристигна произнесување од страна на Лекарска комора како одговор на претставката, заведено под бр. 140/5.

Во одговорот се наведува дека во конкретниот случај не постојат елементи на делото дискриминација и сметаат дека Комората во ниту еден момент не ги довела подносителите на претставката во поразлична положба од онаа во која се наоѓаат сите останати доктори кои

поднесуваат барања за издавање или продолжување на лиценца за работа, а уште повеќе што Елена Стојковска го остварила своето право на добивање на лиценца во најкус можен рок.

Имено, наведуваат дека во рамки на постапката за издавање, продолжување и обновување на лиценци, а согласно Правилникот за начинот на издавање, продолжување, обновување и одземање на лиценцата за работа на здравствените работници од областа на медицината, подносителот е должен да достави уверение за државјанство од кое Комората ги црпи потребните лични податоци. Формата и содржината на образецот- лиценцата за работа што ја издава Лекарска комора е утврдена со општ акт- Правилник за начинот на издавање, продолжување, обновување и одземање на лиценцата за работа на здравствените работници од областа на медицината (Сл. Весник на РМ бр. 71/19), донесен согласно член 135 од Законот за здравствена заштита („Сл. Весник на РМ бр. 43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16, 37/16, 20/19" и „Сл. Весник на РСМ бр. 101/19, 153/19, 180/19, 275/19, 77/21, 122/21, 178/21, 150/22, 236/22, 199/23, 236/23 и 263/23").

Во утврдениот образец- лиценца за работа, во лични податоци стои „име, татково име и презиме". Според тоа, велат дека лиценцата за работа која е предмет на претставката е издадена согласно пропишан образец. Овој образец се однесува за сите доктори на медицина и во него Лекарската комора ги внесува личните податоци наведени во уверението за државјанство, доставено како доказ од самите баратели. Оттука, сметаат дека е нејасно како подносителите утврдуваат постоење на дискриминација, кога истите не биле доведени во поразлична положба од онаа на другите подносителите, под било кој основ, а најмалку поради родова припадност.
Истакнуваат дека податоците се обработуваат и внесуваат на начин утврден во закон и подзаконски акти и истите се еднакви за сите. Оттука, бидејќи подносителите не приложиле никаков правен основ (пресуда или слично) за бришење на наведениот податок, наведуваат дека Комората е обврзана да внесува податоци според приложените докази од самите странки и да ја запази самата форма на лиценцата за работа.

По проучување на списите по предметот, наводите од претставката и произнесувањето по истата, како и севкупно приложените докази, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ја констатира следната фактичка состојба:

Ќерката на подносителката на претставката е доктор по општа медицина со положен стручен испит, која во месец декември 2023 година поднела барање до Лекарската комора на Република Северна Македонија за издавање лиценца за работа. Во прилог на барањето доставила нотарски заверена изјава со која бара во лиценцата на местото „родител" да стои името на нејзината мајка, наместо името на татко ѝ. Ваквото барање го темели врз фактот што нејзините родители се долг период разведени и таа со судска одлука е дадена на чување и воспитување кај нејзината мајка, која цело време се грижела за нејзе. Во оваа смисла, сите документи кои ги доставила, вклучувајќи го и уверението за положен стручен испит издадено од Лекарската комора, се со името на нејзината мајка.
При процесот на поднесување барање, во електронскиот регистар на доктори на местото родител таа го впишала името на нејзината мајка, но потоа од страна на Лекарската комора било променето името, со што било впишано името на нејзиниот татко, [redacted]
Кон крајот на декември 2023 година таа отишла да ја подигне лиценцата, која спротивно на нејзиното барање, била изготвена со името на татко ѝ.

Притоа, во образецот за лиценца за работа стои „име, татково име и презиме", па оттука од Лекарската комора го оправдуваат постапувањето велејќи дека предметната лиценца за работа е издадена согласно пропишан образец, во кој Комората ги внесува личните податоци наведени во

уверението за државјанство. Следствено, за да во лиценцата стои името на мајката, од Комората бараат да биде доставена пресуда или друг правен основ за бришење на наведениот податок за родител, односно ново уверение за државјанство со сменет податок. Во спротивно, наведуваат дека Комората е принудена да ја запази самата форма на лиценцата за работа.

Имено, формата и содржината на образецот- лиценцата за работа што ја издава Лекарска комора е утврдена со општ акт- Правилник за начинот на издавање, продолжување, обновување и одземање на лиценцата за работа на здравствените работници од областа на медицината (Сл. Весник на РМ бр. 71/19), донесен согласно член 135 од Законот за здравствена заштита („Сл. Весник на РМ бр. 43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16, 37/16, 20/19" и „Сл. Весник на РСМ бр. 101/19, 153/19, 180/19, 275/19, 77/21, 122/21, 178/21, 150/22, 236/22, 199/23, 236/23 и 263/23").
Притоа, член 135 од Законот за здравствена заштита пропишува дека начинот на издавање, продолжување, обновување и одземање на лиценцата за работа и формата и содржината на образецот на лиценцата за работа на здравствените работници поблиску ги утврдува Лекарската комора со општ акт на кој согласност дава министерот за здравство.
Во оваа смисла, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација не утврди законска обврска за образецот за лиценца за работа да го содржи само името на таткото на барателот.

Во оваа насока, **Член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација** ја дефинира дискриминацијата како:
*„Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други".*

Директната дискриминација е дефинирана во **член 8 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација**, кој гласи:
*„Директна дискриминација постои кога со едно лице или со група се постапува, се постапувало или би се постапувало понеповолно во однос на друго лице или група во фактичка или можна споредлива или слична ситуација, врз дискриминаторска основа".*

Согласно член 2 од **Законот за еднакви можности на жените и мажите**, главна цел на Законот е воспоставување на еднаквите можности на жените и мажите во политичката, економската, социјалната, образовната, културната, здравствената, граѓанската и која било друга област од општествениот живот. Воспоставувањето на еднакви можности е грижа на целото општество, односно на сите субјекти во јавниот и приватниот сектор и претставува отстранување на пречките и создавање услови за остварување на потполна еднаквост меѓу жените и мажите. Член 4 став 1 точка 8 од Законот потполната еднаквост ја дефинира како еднакви права, можности, услови и третман во сите сфери на јавниот и приватниот живот и отсуство на културни, социјални , економски и политички услови кои продуцираат нееднакви односи на моќ и нееднаква распределба на општествените добра меѓу жените и мажите.
Дополнително во оваа насока, врз основа на член 9 став 3 од Законот за еднакви можности на жените и мажите, Собранието на Република Северна Македонија ја има донесено и **Стратегијата за родова еднаквост 2022-2027**, во чии рамки како специфична цел 3.2 е предвидено сузбивање на родовите стереотипи и сексизмот и промовирање еднаквост.

Понатаму, член 8 од **Законот за семејството** предвидува дека родителите спрема своите деца имаат еднакви права и должности, додека пак во член 45 од Законот се вели дека родителското право им припаѓа на мајката и на таткото подеднакво.

Притоа, иако мајката и таткото во рамки на Законот се признаени како еднакви во остварување на родителското право, тоа е само еден аспект на родовата еднаквост, со што еднаквоста во можностите за остварување на тоа право во праксата е исто толку важен аспект.

Во оваа смисла, подносителката на претставката, како мајка на барателката на лиценца за работа, е спречена да фигурира како родител во лиценцата за работа на својата ќерка издадена од страна на Лекарската комора, со образложение дека пропишаниот образец за лиценца како податоци ги предвидува „име, татково име и презиме“, а не „име на родител “, во кој случај барателката би можела да одбере чие од имињата на родителите ќе стои на нејзината лиценца.
Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи дека ваквата практика го повредува принципот на родова еднаквост и претставува дискриминација врз основа на род. Дискриминацијата се состои во оневозможувањето на подносителката на претставката, како мајка, да го оствари своето право на еднаква основа со таткото, кој може непречено да фигурира како родител во лиценцата за работа на неговата ќерка.

Во однос на наводите од произнесувањето дека Лекарската комора личните податоци кои ги внесува во лиценцата за работа ги црпи од уверението за државјанство доставено од самите баратели, Комисијата укажува дека согласно Образец број 4 од Правилникот за начинот на водење евиденција за државјаните на Република Северна Македонија и за обрасците што се применуваат, **уверението за државјанство ги содржи имињата на двајцата родители**, односно и на мајката и на таткото. Оттука, нејасни се наводите на Лекарската комора дека за да во лиценцата за работа стои името на мајката, потребно е да биде доставено ново уверение за државјанство со сменет податок, од причина што постоечкото уверение веќе ги содржи податоците за двајцата родители.

Сето ова води кон заклучок дека единствена пречка во однос на впишување на името на мајката во лиценцата за работа, е утврдената форма и содржина на образецот за лиценцата за работа во Правилникот за начинот на издавање, продолжување, обновување и одземање на лиценцата за работа на здравствените работници од областа на медицината, донесен од страна на Лекарската комора. Оттука, самиот образец овозможува директна дискриминација врз основа на род кон мајките. Нееднаквиот третман е во однос на татковците, кои согласно образецот имаат право да фигурираат на лиценците за работа.

Земајќи го предвид горенаведеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот и утврди дека станува збор за сторена директна дискриминација од страна на Лекарската комора на Република Северна Македонија кон [redacted]

Оттука, согласно член 27 став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, по утврдената дискриминација, а со цел отстранување на повредите на правото, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ја донесе следната:

## ПРЕПОРАКА

**СЕ ПРЕПОРАЧУВА**:

1. Лекарската комора да го промени образецот и Правилникот за начинот на издавање, продолжување, обновување и одземање на лиценцата за работа на здравствените работници од областа на медицината со тоа што зборовите „татково име“ ќе ги промени со зборовите “име на родител“.


ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

2. При поднесување на документите за издавање на лиценца за работа нема да им сугерира на барателите да го стават името на таткото, туку ќе овозможи самостојно да одлучат името на кој родител ќе го напишат во полето.
3. Да и издаде нова лиценца за работа на [redacted] со името на нејзината мајка [redacted]

Доколку лицето не постапи согласно оваа препорака **во рок од 30 дена**, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно своите надлежности од член 27 став 4 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, ќе поднесе барање за покренување на прекршочна постапка пред надлежен суд за прекршоци.

Скопје
8.4.2024 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација
Претседател
Игор Јадровски

Доставено до:
- [redacted]
- Лекарска комора на Република Северна Македонија, бул. Партизански одреди бр. 3, 1000 Скопје